На ден 24.11.2008год. (понеделник) во Домот на културата , Крушево се одржа јавна расправа по Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за поставување на ветерници (ветров парк) во Крушево. Јавната расправа започна во 17.05 часот, на која присуствуваа:

- Влатко Цветаноски - Советник во оценка на влијание врз животната сренина, Министерство за животна средина и просторно планирање;

- Биљана Спироска - Советник во оценка на влијание врз животната сренина, Министерство за животна средина и просторно планирање - записничар;

- Татјана Хасану - претставник од општина Крушево;

- Менка Спировска - Носител на тимот за изготвување на студијата за оцена на влијание врз животната средина, "ДЕКОНС ЕМА" Скопје;

- Претставници од Инвеститорот - "МОСАН" ДООЕЛ Крушево;

**Јавната расправа се одвиваше по следниот дневен ред:**

**1. Отварање**

Јавната расправа по Студијата за оцена на влијание врз животната средина ја отвори Влатко Цветаноски, кој ја истакна законската обврска за Јавна расправа по студија за оцена на влијание врз животната средина ;

**2. Прв збор зеде претставник од Општина Крушево, Татјана Хасану.** Во својот говор го поздрави проектот земајки ѓи во предвид економската состојба на градот и планот за развој на туризмот;

**3. Менка Спировска - Ја изврши презентацијата на студијата.** Во време кога цел свет се судрува со енергија , користењето на ветерот за енергија е тренд имајќи во предвид дека нема емисии, е обновлив ресор и дава чиста животна средина.После одредени испитувања за јачината и капацитетот на ветерот одлучено е инвестиционите турбини да бидат тип ВЕСТАС 90. Во својата презентација во прегледна табела ги прикажа од една страна влијанијата: бучава, мирис, воздух и атмосфера, површинска вода, почва и земјиште, копнена флора и фауна , пејсаж и културно наследство, а од друга страна следењето на состојбите во сегашна, фаза на градба, оперативна фаза и завршеток на проектот. Од тоа истакна дека визуелниот аспект е многу важен и затоа граѓаните треба да го прифатат. Предвидени се 53 ветерници.

За делот на техниката презентацијата ја изврши, Алеж Братковиќ, представник од инвеститорот "МОСЕН ", При што истакна дека сите ветерници се составени од стол, турбини и перки. Карактеристично е што секоја од перките се ротираат во зависност од ветерот и со појачување на ветерот перките се вртат така што се намалува ветерот.

Во понатамошната презентација на Менка Спировска истакна дека во делот на изградба , работењето и со престанок на работа ќе ѓи има следните влијанија:

визулени влијанија, бучава, смртност на видовите, осветлување промена на живеалишта и заштита од ерозивни влијанија. Иако сите влијанија се мали сепак во студијата предвидени се мерки за спречување или намалување на негативните влијанија.

**4. Дискусија**

**- Славко Котевски - Еурокомпозит, Прилеп.** Неговото прашање беше во врска со опремата, при што, им се обрати на инвеститорите прашувајќи од каде ке биде набавена и дали

македонски фирми ќе бидат вклучени во изградбата. На тоа инвеститорот, Алеж Братковиќ, му одговори дека во преднос е опремата да биде од тука и во преговори е кои делови ќе се подготвуваат тука.

**- Петар Наглески, пензионер**
**-** Ја истакна поддршката за изградбата на ветровиот парк и побара објаснување од инвеститорот како ќе се пренесува ветерот во системот. Следеше објаснување од страна на инвеститорот, Алеж Братковиќ : секоја ветерница има кабли во столбот, сите се спојуваат во еден ред под земја и од една точка се пренесува до трафостаницата.

**- Димитар Дамески -** Која е брзината на ветерот за Крушево? На тоа Менка Спировска одговори дека според мерењата кои се стакнати во студијата обработено е ветар од 3.3м/сек.

**- Андреј Здравески, Металец**
**-** Само го поздрави проектот;

**- Левќија Гажовска, градоначалник на општина Крушево -** Ова е прв проект во Македонија од ваков вид, меѓутоа голем и значаен.

***Јавната расправа по Студијата за оцена на влијание врз животната средина по поставување на ветерници (ветров парк), Крушево заврши во 18.15 часот, со можност сите забелешки и сугестии да бидат доставени во најкраток мрок.***

**Во прилог:** слики од оддржената Јавната расправа по Студијата за оцена на влијание врз животната средина по поставување на ветерници (ветров парк), Крушево.

Записничар:

Билјана Спироска